

Помислете повторно со какви звања и знаења може да се стекнете на Шумарскиот факултет во Скопје:

Шумарски инжењер, пејзажен дизајнер, еко-менаџер, инспектор за ловство, еко-инжењер, расадничар, шумарски инспектор, еколог, флорист, одгледувач на дивеч, уредувач на шуми...

## Иднината на планетата Земја зависи од шумите! Придонеси за иднината, студирај шумарство!

Клучни зборови поврзани со нашиот факултет: биодиверзитет, глобални климатски промени, дивеч, паркови, екологија, фотосинтеза, врзување јаглерод, ботаника, цвет, хортикултура, заштита од ерозија на почви, ловство, животна средина, пошумување, одржлив развој, одгледување на шуми, механизација, фитоценологија, шуми, заштита од пожари, инсекти, печурки, микробиологија, национални паркови, мултифункционално шумарство.

ШФС


Шумарски факултет - Скопје
бул. 16-та Македонска бригада бр. 1
1000 Скопје

тел. (02) 3135033
www.sf.ukim.edu.mk
dekan@sf.ukim.edu.mk
www.facebook.com/sf.ukim.edu.mk


# Шумарски факултет - Скопје

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“



**Најважните теми изучувани на нашите 3 студиски програми**



## Шумарство

| |
|---|
| Познавање на шумските дрвни видови и фитоценози |
| Генетика, расадничарство и пошумување |
| Одгледување и мелиорација на шуми |
| Користење на шумите; Шумски транспорт и градежништво |
| Заштита на шумите (болести и штетници, шумски пожари) |
| Управување со шумите |
| Еко-политика, менаџмент и бизнис во шумарството |
| Управување со дивечот |









## Пејзажно дизајнирање

| |
|---|
| Познавање на урбаната дендрофлора |
| Естетика на пејзаж; Елементи на пејзажно дизајнирање |
| Основи на урбанизам; Дизајнирање паркови и градини |
| Компјутерски апликации и компјутерска графика |
| Болести и штетници кај декоративните растенија |
| Подигање, нега и заштита на зелените површини |
| Економика и менаџмент на претпријатијата |

## Екоинженеринг и екоменаџмент

| |
|---|
| Познавање на органскиот свет, биодиверзитет и предели |
| Климатски промени и аерозагадување |
| Уредување на поројни водотеци и управување со ризици |
| Користење и управување со земјишни ресурси |
| Рекултивација на јаловишта, депонии и копови |
| Подготовка на еколошки елаборати и студии |
| Менаџмент и бизнис во заштитени подрачја |







**Интересни факти поврзани со шумарството:**

-Најголем жив организам на светот, (според тежина) е еден вид топола (6000 тони!), а според површина е еден вид печурка која напаѓа шумски видови дрвја и се распространува на речиси 9 квадратни километри!
-Најстар жив организам е истиот вид топола, за кој се смета дека е на возраст од околу 80 илјади години!
-Најскап вид храна се белите тартуфи, печурки кои растат под земја, а во симбиоза со некои видови дрвја. Рекордно скап бил примерок тежок 900 грама продаден во 2010 г. за приближно 330 илјади долари!
-Бубамарата не е само симпатичен инсект, туку е голем предатор кој се користи за уништување штетни видови растителни вошки!
-Највисоките дрвја, џиновските секвои достигнуваат височини околу 115 метри, со што се повисоки од Статуата на слободата во Њујорк и од кулата часовник Биг-Бен во Лондон!



**Шумарството не е само сечење дрвја, туку е и нивно подигнување, нега и заштита, но и биодиверзитет, чисти вода и воздух, рекреација...**